## Вашето здравје и здравјето на вашите придружници, зависи од вашата информираност и одржување на личната и колекивната хигиена!!!

Доколку спаѓате во група на лица кои имаат хронични заболувања (дијабет, респираторни, срцеви, бубрежни, имунодефициенција и други), побарајте совет од вашиот матичен лекар кој ќе го процени ризикот од патувањето.

**По враќањето во Македонија, доколку во текот на 14 дена, почуствувате симптоми на респираторниот систем кои Ви ги отежнуваат секојдневните активности**

## ПОСЕТЕТЕ ЛЕКАР !!!

**Согласно последните податоци од СЗО, во светот, 40% од заболените лица завршиле со смртен исход !!!**




**Избегнувајте респираторен контакт (лица кои кашлаат и киваат) на минимум од еден метар.**

**Доколку ги почувствувате симтомите за време на патувањето, побарајте го лекарот или медицинската сестра кои се во ваша непосредна придружба во (авионот или автобусот) или локалната здравствена служба.**

**Институт за јавно здравје на Република Македонија**
**Instituti i Shëndetit Publik i Republikës së Maqedonisë**
**Institute for Public Health of the Republic of Macedonia**
Ул. „50-та Дивизија“ бр. 6
1000 Скопје
Тел: +(389) 02-3125 044
(Фах: +(389) 02-3223 354
Web: www.iph.mk

*Институт за јавно здравје на Република Македонија*

# Блиско Источен Респираторен Синдром КОРОНАВИРУС (MERS-CoV)

## *КАКО ДА СЕ ЗАШТИТИТЕ?*



***ИНФОРМАЦИИ ЗА НАСЕЛЕНИЕТО***

*Јуни 2015 година*

**MERS-CoV е причинител на акутна вирусна респираторна инфекција.**

**Симтоми на заболувањето:**

- **треска, (висока температура)**
- **кашлица,**
- **отежнато дишење**
- **недостаток на воздух и**
- **дијареа (пролив).**

**Сериозни компликации може да ја нарушат фукцијата на:**

- **респираторниот систем**
- **кардиоваскуларниот систем,**
- **и на бубрезите.**

**Болеста може да варира од лесна форма, без симптоми, до тешка форма, со можен смртен исход.**

**Во овој момент лекувањето на заболените лица е симптоматско.**

***Нема вакцина против MERS-CoV!***

## Земји со регистрирани случаи на MERS-CoV :

**На Блискиот Исток**:
Саудиска Арабија, Обединетите Арапски Емирати, Јордан, Оман, Кувајт, Катар, Јемен, Иран, Либан.

**Во Европа:**
Велика Британија, Франција, Германија , Италија , Грција, Турција, Австрија и Холандија.

**Во Африка**:
Египет , Тунис и Алжир.

**Во Азија:**
Малезија, Филипини, Кина и Ј. Кореа.

**Во Америка**:
САД.

## КАКО МОЖЕ ДА СЕ ЗАРАЗИТЕ :

- **При директен непосреден близок контакт со заболено лице** (преку кашлање, кивање или директен физички контакт).
- **При директен контакт со заболени камили** (посета на фарми со камили).
- **Конзумирање на недоволно термички обработено млеко и месо .**
- **Преку загадена животна средина со исфрлени секрети од инфицирано лице.**

## *НАЈДОБАР НАЧИН НА ЗАШТИТА*



**Редовно миење на раце со сапун и вода . Одржување на лична и колективна хигиена;**

**Задолжителна употреба на дезинфициенс при недостаток на вода;**

**При појава на симптоми (кашлање или кивање) треба да се кашла или кива во марамче;**

**Секое марамче по употребата се фрла во корпа за отпадоци;**

**Доколку немате марамче покријте ги устата и носот со раката свиткана во лакт;**

**Редовна употреба на термичко обработено месо и млеко, добро измиено овошје и зеленчук**